ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:09-200/4

Дата: 10.04.2017

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство - ВМРО-ДПМНЕ (во натамошниот текст ВМРО - ДПМНЕ) на сметката за редовно работење за 2015 година, заедно со ревизија на усогласеност.

За финансиските извештаи на ВМРО-ДПМНЕ за 2015 година изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на ВМРО - ДПМНЕ за редовното работење за 2014 година и изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за угласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

При ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2014 година, при што е утврдено дека од дадени три препораки, две препораки се спроведени, а  една препорака не е спроведена.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2015 година, заедно со ревизија на усогласеност, ги констатиравме следниве состојби:

- искажани се побарувања за дадени аванси за кои на ревизијата не и беше доставена поткрепувачка документација за утврдување на основот за исплата на истите, кои исто така не се опфатени со извршениот попис за 2015 година и
- искажана е состојба на ситен инвентар за кои партијата не располага со соодветна поткрепувачка документација, како и не е извршен попис со состојба 31.12.2015 година.

За констатираните состојби дадени се препораки, со цел преземање мерки за надминување на истите.

Во делот за нагласување на прашања за неизвесност или континуитет, обелоденети се состојби во врска со активности во тек, кои се однесуваат на изградбата на објектот на партијата и сметководствени корекции на одделни позиции во билансот на состојба, спроведени во текот на ревизијата.

Ревизијата истакнува постоење на системски слабости и тоа:

- не се пропишани конкретни насоки за постапувањето во однос на признавањето на приходите и расходите според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени и во однос на нивното евидентирање;
- присуство на пресметковни сметки во подзаконските акти за непрофитните организации;
- не е усогласен образецот на Годишен финансиски извештај со одредбите од Законот за финансирање на политичките партии, во делот на изворите на финансирање;
- поконкретно не е регулиран начинот на плаќање, уплата и евидентирање на членарината како извор на финансирање на политичките партии, како и на начинот на пренос на средствата од членарина од сметката за редовно работење на сметката за соодветна изборна кампања;
- не е усогласено Упатството за распределба на средствата од буџетот на Република Македонија за годишно финансирање на политичките партии со одредбите од Законот за финансирање на политичките партии и
- отсуство на изработени пречистени текстови на закони.

Надлежните органи потребно е да преземат активности за надминување на утврдените системски слабости.

Од стана на одговорното лице на ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство - ВМРО-ДПМНЕ добиени се Забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и констатирано е дека истите претставуваат известување за преземени мерки и активности за надминување на утврдените состојби и дадените препораки.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 13 до 15 заедно со ревизија на усогласеност на ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство - ВМРО-ДПМНЕ на сметката за редовно работење, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство - ВМРО-ДПМНЕ за редовното работење за 2014 година и изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за угласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на партијата застапувано од:
- м-р Никола Груевски, претседател на ВМРО – ДПМНЕ

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални

аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.
Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 31.10.2016 до 15.12.2016 година кај ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство - ВМРО-ДПМНЕ од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на ОДР во 2014 година. Дадени се три препораки, од кои две препораки се спроведени, а една не е спроведена.
Во Прилог 1 дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2014 година.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со претставници од партијата - предмет на ревизија на ден 31.01.2017 година.

Од стана на одговорното лице на ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство - ВМРО-ДПМНЕ добиени се Забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и констатирано е дека истите претставуваат известување за преземени мерки и активности за надминување на утврдените состојби и дадените препораки.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Финансиски извештаи

**Биланс на состојба**

Со извршениот увид во деловните книги на ВМРО-ДПМНЕ во однос на начинот на евиденција и искажувањето на сметководствените настани/трансакции во истите, ревизијата ги констатира следните состојби:

- искажани се побарувања за даден аванс во износ од 1.542 илјади денари, за кои на ревизијата не и беше доставена поткрепувачка документација за утврдување на основот за исплата на истите. Исто така, наведената состојба не е потврдена со извршениот попис за 2015 година и

- на сметката Ситен инвентар во употреба искажана е состојба која е пренесено салдо од минати години, без промени во состојбите во текот на 2015 година. Со извршениот попис во изминатите години, оваа состојба не била истакната и разгледана, за да се преземат соодветни и навремени активности заради нивно потврдување. Во прилог на наведеното, истакнуваме дека за наведената состојба партијата не располага со соодветна поткрепувачка документација, како и не е извршен попис со состојба 31.12.2015 година. По доставување на Нацрт извештајот, доставена е пописна листа за извршен попис на ситниот инвентар со состојба 31.12.2016 година, со предлог мерки за натамошно постапување.

Наведените состојби не се во согласност со одредбите од Законот за сметководството на непрофитните организации, согласно кој непрофитните организации потребно е сметководството го водат на начин кој обезбедува сеопфатно, благовремено и ажурно водење на деловните книги, како и да вршат усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба што се утврдува со попис на 31 декември.

**Препорака:**
Одговорното лице за водење на деловните книги во координација со одговорното лице на партијата да продолжи со отпочнатите активности за:
- евидентирањето во деловните книги на трансакции за идни аванси да биде поткрепено со комплетна и уредна документација и
- усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба, што се утврдува со попис на 31 декември.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точката 4.1. кои се однесуваат на: искажани побарувања за даден аванс за кои на ревизијата не и беше доставена поткрепувачка документација за утврдување на основот за исплата на истиот, кои исто така не се опфатени со извршениот попис за 2015 година и искажана состојба на ситен инвентар за кој  не е извршен попис со состојба 31.12.2015 година, имаат влијание врз издаденото мислење од страна на ревизијата.

5. **Ревизорско мислење**

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.1., финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство-ВМРО-ДПМНЕ на ден 31 декември 2015 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.1. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство-ВМРО-ДПМНЕ, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

6. **Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет**

6.1. Овластениот државен ревизор во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на ВМРО-ДПМНЕ за 2014 година, во точка 6.1. изврши презентирање на утврдената состојба во врска со Договор за пренесување на право на градење од 15.01.2013 година, согласно кој партијата за реализација на овој договор го пренесува правото на градење на друштвото, на градежното земјиште кое е во нејзина сопственост и владение, а заради изградба на објект.
Градежните работи на објектот (деловен центар) се завршени на ден 17.03.2016 година, за чија градба извршен е технички прием со што е констатирано дека објектот може да се употребува.
По извршениот технички прием на објектот, извршена е физичка делба на предметното градежно земјиште со која е утврдена површината на градежното земјиште која е во функција на делот од новоизградениот објект кој му припаѓа на партијата и со Имотен лист број 52750 од 23.05.2016 година, наведениот објект е предаден во сопственост и владение на ВМРО-ДПМНЕ, додека со записник за примопредавање[1] извршено е примопредавање на објектот.

6.2. Во текот на 2016 година прифатени и спроведени се корекции кои предизвикуваат намалување на активата и пасивата во вкупен износ од 37.378 и тоа по основ на:

---

1 „Записник за извршено примопредавање на недвижна ствар„ број 02-106/1 од 22.05.2016 година

- извршени се корекции поради настанати сметководствени грешки (дупло евидентирање на обврски спрема добавувачи) за состојби искажани во деловните книги со состојба на ден 31.12.2015 година, кои предизвикуваат намалување на активата и пасивата во финансискиот извештај - Биланс на состојба во вкупен износ од 39.321 илјади денари, спроведени во налог број 2 од 02.01.2016 година и
- во текот на ревизијата од страна на партијата прифатени и спроведени се корекции дадени од страна на ревизијата, кои предизвикаа зголемување на активата и пасивата во финансискиот извештај - Биланс на состојба во вкупен износ од 1.943 илјади денари, спроведени во налозите за книжење број број 3 од 30.11.2016 и број 5 од 30.12.2016 година. Исто така спроведени се исправки кои како ефект ги зголемуваат и вонбилансната актива и пасива за износ од 3.057 илјади денари, спроведени со налог за книжење број 5 од 30.12.2016 година.

Спроведените корекции на секоја позиција пооделно, детално се прикажани во делот Образложенија кон финансиските извештаи.

## 7. Останати прашања

7.1. Согласно член 13 од Законот за сметководството за непрофитните организации2 признавањето на приходите и расходите на непрофитните организации се спроведува според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции, што значи дека приходите се признаат во пресметковниот период во којшто настанале според критериумот на мерливост и расположливост.

Согласно наведениот член приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно и постапувањето при евидентирањето на истите кај политичките партии е еднообразно, додека под критериумот расположливост на приходите во пресметковниот период се подразбира дека приходите се расположливи кога се остварени во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и да служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

Исто така во однос на расходите е регулирано дека расходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

Примената на критериумот расположливост на приходите, како и признавањето на расходите, во пракса создава потешкотии при сметководственото евидентирање на трансакциите во деловните книги на партиите, како и разноликост во постапувањето при евидентирањето на истите.

[2] „Службен весник на Република Македонија” број 24/2003 и 17/2011

Ревизијата смета дека надлежните органи потребно е да донесат поконкретни насоки за постапувањето во однос на признавањето на приходите и расходите според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции, како и во однос на нивното евидентирање или да преземат мерки за законско доуредување.

Истакнуваме дека ВМРО-ДПМНЕ при евиденцијата и искажувањето на сметководствените настани/трансакции за 2015 година го применува сметководственото начело на парично искажување.

7.2. Согласно дел IV Признавање на приходите и расходите, во член 13 од Законот за сметководството за непрофитните организации, наведено е дека признавањето на приходите и расходите на непрофитните организации се спроведува според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени, без притоа да се наведе што подразбира поимот вкупни приходи односно дали приходите ги опфаќаат само наплатените приходи остварени по видови и извори, имајќи во предвид дека политичките партии, покрај останатите извори се финансираат и од донации, подароци, прилози, дотации и спонзорства, кои не секогаш предизвикуваат приливи во парични средства.

Ревизијата смета дека е потребно да се изврши усогласување односно допрецизирање на регулативата, заради воедначено искажување на сите извори на финансираање на политичките партии во финансиските извештаи.

7.3. Со одредбите на член 23 став 3 од Законот за финансирање на политичките партии е уредено, политичките партии сметководството да го водат според одредбите на Законот за сметководство за непрофитните организации. Во членот 13 од Законот за сметководство за непрофитните организации и членот 18 од Правилникот за сметководство за непрофитните организации[3] уреден е начинот на признавање на приходите и расходите на непрофитните организации, кои упатуваат на примена на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции“.

Со извршениот увид во: Правилникот за сметковниот план и билансите на непрофитните организации[4] и Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации[5], ревизијата констатира дека се пропишани сметки и позиции кои не бараат одлив на парични средства односно истите претставуваат пресметковни позиции и нивното признавање се темели на сметководственото начело на „пресметковна основа”. За надминување на утврдената состојба надлежното министерство потребно е да преземе активности за изменување и дополнување на наведените подзаконски акти, со кои ќе обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување

[3] „Службен весник на Република Македонија” број 24/2003, 8/2009, 12/2009 и 175/2011
[4] „Службен весник на Република Македонија” број 117/2005; 11/2006
[5] „Службен весник на Република Македонија” број 117/2005

на деловните промени, односно трансакции “.

7.4. Согласно членот 13 од Законот за финансирање на политичките партии, утврдени се приватните извори од кои може да се врши финансирање на политичките партии. Истовремено, во Правилникот за образецот, формата, содржината и начинот на водење на Годишниот финансиски извештај за политичките партии („Службен весник на Република Македонија„ број 21/2013), во точка 39 од пропишаниот образец на Годишниот финансиски извештај предвидена е позиција за расходи за камати на кредити и заеми, кои како извор на финансирање на политичките партии не е предвиден во горенаведениот закон.
Ревизијата смета дека надлежните органи потребно е да преземат активности за уредување на изворите на финансирање на изборната кампања во законската регулатива и во пропишаниот образец Годишен финансиски извештај.

7.5. Согласно членот 13 од Законот за финансирање на политичките партии, утврдени се приватните извори на финансирање на политичките партии, помеѓу кои и членарина како основ на финансирање на партијата. Членарината претставува редовен износ на средства кој членот на партијата го плаќа годишно согласно со актите на партијата, кој за период од една година не смее да биде повисок од една просечна исплатена нето плата во РМ, поединечно по секој член.
Ревизијата констатира дека партиите приходите од членарина најчесто ги регулираат со донесување на интерен акт. Согласно донесените акти се пропишува висината на чланарината, начинот на плаќање, начинот на уплата како и начинот на нивното евидентирање, кои се разликуваат кај одделните партии.
Заради воедначено постапување кај сите политички субјекти ревизијата смета дека надлежните органи потребно е да донесат поконкретни насоки за регулирање на начинот на плаќање, уплата, евидентирање, со цел еднообразност во начинот на нивното сметководствено евидентирање и потврдување на законски утврдениот лимит за секој член одделно.

7.6. Начинот, условите и постапката за основање, регистрирање и престанок на политичките партии се уредени со одредбите во Законот за политичките партии[6] вклучувајќи ги и одлуките донесени од Уставниот суд на Република Македонија со кои се врши поништување, односно укинување на одредени одредби на наведениот закон објавени во „Службен весник на Република Македонија” број 57/2007 и 60/2007. Начинот и постапката на обезбедување на финансиските средства, располагањето со средствата за тековната работа и дејствувањето на политичката партија, како и начинот на контрола на финансирањето и финансиско-материјалното работење на политичките

[6] „Службен весник на Република Македонија” број 76/2004, 5/2007, 8/2007; 5/2008 и 23/2013

партии е уреден со Законот за финансирање на политичките партии[7], вклучувајќи ја и одлуката донесена од Уставниот суд на Република Македонија со која се врши укинување на одредени одредби на наведениот закон („Службен весник на Република Македонија" број 36/2006). Со извршениот увид во наведените законски акти ревизијата констатира дека до периодот на известување од извршената ревизија не постојат пречистени текстови на наведените законски акти и покрај тоа што Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија е овластена да утврди пречистен текст на наведените закони.

Собранието на Република Македонија потребно е да ја задолжи Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на погоренаведените законски акти.

7.7. Согласно член 8, 9 и 10 од Законот за финансирање на политички партии утврден е начинот на редовно годишно финансирање од Буџетот на РМ. Средствата во утврдениот износ се планираат во разделот на Министерството за правда за секоја фискална година. За трансферот на средствата за 2015 година како и за претходните години, Министерството за правда изработува поединечни Решенија кои се доставуваат до политичките партии.

Со извршениот увид во подзаконските акти констатирано е дека за потребите на годишното финансирање на политичките партии донесено е Упатство[8] со кое како надлежен одговорен орган за пресметка и распределба на средствата е утврдено Министерството за финансии. Упатството не е усогласено со одредбите од Законот за финансирање на политичките партии во кој со измените од 2011 година како надлежен орган за планирање, пресметка, носење решение и трансфер на средствата за годишно финансирање на политичките партии е Министерството за правда.

Горенаведеното укажува дека има потреба надлежните органи да извршат усогласување на Упатството како подзаконски акт со Законот за финансирање на политичките партии со цел попрецизно регулирање на начинот на финансирање на политичките партии од Буџетот на РМ.

Истакнуваме дека во насока на обезбедување и прибавување на соодветни докази за потврдување на комплетноста на приходите, Државниот завод за ревизија достави барање до Министерството за правда, при што добиено е известување број 09-78/5 од 21.12.2016 година, со прилог пресметки врз основа на кои се утврдени и исплатени вкупните износи на средства, согласно решенијата за исплата на финансиски средства за редовно годишно финансирање на политичките партии за 2015 година.

---

[7] „Службен весник на Република Македонија" број 76/2004, 86/2008, 161/2008, 96/2009, 148/2011, 142/2012, 23/2013

[8] Упатство за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за годишно финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија број 59/05, 73/07, 52/10 и Одлука на Уставен суд У.бр.16/2011 од 21.09.2011 година објавена во Службен весник број 132/2011")

| БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2015 ГОДИНА | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2015** | **2014** |
| | | | |
| **Приходи** | | | |
| Приходи од камата и позитивни курсни разлики | 3.1.1. | 25 | 2 |
| Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 3.1.2. | 133.181 | 232.846 |
| Пренесен дел од вишок на приходи од претходната година | 3.1.3. | 15.442 | 5.076 |
| **Вкупно приходи** | | **148.648** | **237.924** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| Материјални расходи, услуги, амортизација | 3.2.1. | 54.295 | 37.832 |
| Други расходи | 3.2.2. | 33.571 | 59.888 |
| Капитални и други средства | 3.2.3. | 52.455 | 119.579 |
| Плати и надоместоци на плати | 3.2.4. | 1.989 | 198 |
| Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 3.2.5. | 3.345 | 4.857 |
| **Вкупно расходи** | | **145.655** | **222.354** |
| | | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **2.993** | **15.570** |

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2015 ГОДИНА | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| Опис на позицијата | Образло-жение | 2015 | 2014 |
| **Актива** | | | |
| **Парични средства, краткорочни побарувања и АВР** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 2.794 | 15.403 |
| Побарувања купувачи | 4.1.2. | 2.434 | 2.434 |
| Побарувања за дадени аванси депозити и кауции | 4.1.3. | 2.791 | - |
| Други краткорочни побарувања | 4.1.4. | 62 | - |
| Побарувања за повеќе платени даноци и придонеси | 4.1.5. | 89 | 60 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.6. | 266.303 | 200.951 |
| **Вкупно тековни средства** | | **274.473** | **218.848** |
| | | | |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 259.330 | 189.247 |
| **Вкупно постојани средства** | | **259.330** | **189.247** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **533.803** | **408.095** |
| **Вонбилансна актива** | 4.3. | **10.113** | - |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Краторочни обврски и ПВР** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.4.1. | 262.825 | 200.261 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.4.2. | 3.408 | 21 |
| Обврски за плати | 4.4.3. | 61 | 689 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.4.4. | 8.179 | 17.877 |
| **Вкупно краткорочни обврски и ПВР** | | **274.473** | **218.848** |
| | | | |
| | | | |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.5.1. | 257.266 | 187.183 |
| Ревалоризациона резерва | 4.5.2. | 2.064 | 2.064 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **259.330** | **189.247** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **533.803** | **408.095** |
| **Вонбилансна пасива** | 4.6. | **10.113** | - |

| ПРЕГЛЕД<br>НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2015 ГОДИНА | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **О П И С** | **Деловен фонд** | **Ревалоризациона резерва** | **Вкупно** |
| | | | |
| Состојба 01.01.2015 година | **187.183** | **2.064** | **189.247** |
| | | | - |
| **Зголемување по основ на:** | **77.100** | - | **77.100** |
| Набавки во текот на годината | 74.646 | - | **74.646** |
| Корекции по ревизија | 1.162 | | |
| Вишок на средства по попис 2015 | 1.292 | | **1.292** |
| **Намалување по основ на:** | **7.017** | - | **7.017** |
| Кусок по попис | 186 | | **186** |
| Амортизација | 3.784 | | **3.784** |
| Корекции по ревизија | 3.057 | | **3.057** |
| Корекции на амортизација од претходен период | (10) | | **(10)** |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2015 година** | **257.266** | **2.064** | **259.330** |

Палата Др. Христо Татарчев, Плоштад ВМРО бр.1, 1000 Скопје, Република Македонија
тел.: ++389 (0)2 3102 800 (0)2 3102 801

ВМРО-ДПМНЕ
бр. 02-88/1
28.02.2017 год.
Скопје

До
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Скопје

Предмет: Забелешки по Нацрт - Извештај за извршена ревизија

Почитувани,

Во врска со Нацрт - Извештајот за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2015 година на ВМРО-ДПМНЕ, доставен од Ваша страна за забелешки, Ве известуваме за следното:

Во делот 4.1 Финансиски извештаи (страна 6 од Нацрт - Извештајот), во поднасловот „Биланс на состојба" утврден е наод за една конкретна состојба во која за даден аванс ревизијата утврдила дека не е доставена целокупната поткрепувачка документација. Во наодот цениме дека е потребно да се заменат зборовите **„дадени аванси"** со **„даден аванс"** поради фактот што се работи за еден конкретен случај.
Истовремено, во Препораката која се однесува на овој наод, цениме дека по зборовите **„евидентираните трансакции"** треба да се додадат зборовите **„во однос на евентуални идни авансни трансакции"**, а заради усогласеност на препораката со наодот.

Истотака, во поднасловот „Основ за изразување на мислење", цениме дека по однос на прашањето на ситен инвентар, цениме дека Извештајот во овој дел **треба да се дополни со фактот што на ревизијата и беше посочено и презентирано дека ова прашање е надминато со извршениот попис со состојба 31.12.2016 година**.

Со почит,

Генерален секретар на
ВМРО-ДПМНЕ
Емил Димитриев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
01.03.2017
09-200/3

**ПРИЛОГ 3**

ОДГОВОР
на забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

На ден 24.03.2017 година добиени се Забелешки по Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2015 година на ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство - ВМРО-ДПМНЕ број 02-88/1 од 28.02.2017 година од одговорното лице Емил Димитриев, генерален секретар, заведени во Државниот завод за ревизија под број 09-200/3 од 24.03.2017 година.

Овластениот државен ревизор ги разгледа забелешките на Нацрт извештајот и по истите се произнесе како што следува:

1. Забелешките на констатираните состојби во **точката 4.1.** алинеја 1, кои се однесуваат на начинот на евиденција и искажувањето на сметководствените трансакции во деловните книги **претставуваат известување** дека станува збор за една трансакција, која состојба овластениот државен ревизор ја имаше во предвид во текот на извршувањето на ревизијата. Имено, овластениот државен ревизор терминот "побарувања за дадени аванси" го употребува како име на сметка пропишана со Правилникот за сметководство за непрофитните организации. Наведеното соодветно ќе биде обелоденето во конечниот извештај на овластениот државен ревизор, како и во дадената препорака.

2. Упатената забелешка за констатираната состојба во делот **Основ за изразување на мислење**, во врска со утврдената состојба во точка 4.1. алинеја 2 од Нацрт извештајот, која се однесува неизвршен попис на ситниот инвентар со состојба 31.12.2015 година, **претставува известување** за преземените активности од страна на партијата, односно доставена е пописна листа за извршен попис на ситниот инвентар со состојба 31.12.2016 година, со предлог мерки за натамошно постапување. Преземените активности соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај, а дадената препорака ќе биде соодветно прилагодена.